Врз основа на чл.110 ст. 1 алинеја 13 од Законот за високото образование (Сл. весник, бр.82/2018), Наставно-научниот совет на Економскиот факултет- Прилеп на 19.06.2023 год., ја донесе следната:

# *ПРОЦЕДУРА*
## *за доделување на стипендии на студенти на прв циклус на студии кои ќе се запишат на Економски факултет-Прилеп согласно Конкурсот за запишување студенти во прва година на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола во академската 2023/2024 година*

Член 1

Со оваа Процедура се уредуваат бројот на стипендии за најдобри студенти и бројот на стипендии за социјално ранливи категории, начинот на доделување на стипендии, критериумите за доделување на стипендиите, начинот на известување на давателите на стипендии, правото на приговор, и други права и односи кои произлегуваат од постапката за доделување и реализирање на стекнатите стипендии.

*Информации за стипендии*

Член 2

Економски факултет-Прилеп за студентите на прв циклус на студии кои ќе се запишат согласно Конкурсот за запишување студенти во прва година на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола во академската 2023/2024 година обезбеди **20 стипендии**, секоја во вредност од 200 (двеста) евра во денарска противвредност според средниот курс на еврото објавен од НБРМ на денот на исплатата.

Даватели на стипендиите се :

1. ***ДОО Комфи Ангел Прилеп- 10 стипендии***
2. ***Прилепска Пиварница АД Прилеп- 5 стипендии***
3. ***Витаминка АД Прилеп-2 стипендии***
4. ***Еуролинк АД Скопје-1 стипендија***
5. ***ИСОУРЦЕ ДОО Битола-2 стипендии***

Вкупниот број на стипендии за најдобри студенти изнесува 15 стипендии, додека пак бројот на стипендии за социјално ранливи категории изнесува 5 стипендии.

Корисниците на стипендиите кои ќе ги користат стипендиите кои ги доделува Универзитетот, како и студентите кои се ослободени од плаќање на парични средства за студирање како лице без родители и лица чие што родителско право го врши само еден родител, не може да ги користат стипендиите кои ги доелува бизнис заедницата.

Член 3

Стипендиите од бизнис заедницата се однесуваат на партиципацијата за студирање за една академска година во вредност од 200 (двеста) евра во денарска противвредност.

Одобрените стипендии ќе бидат доделени на најдобрите студенти што ќе освојат најмногу бодови или студентите од социјално ранливите категории согласно критериумите утврдени со Конкурсот за запишување студенти во прва година на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола во академската 2023/2024 година и критериумите утврдени со оваа Процедура и тоа во рамките на првиот уписен рок.

Член 4

По исклучок, доколку предвидените стипендии за социјално ранливи категории на студенти не бидат искористени во рамките на првиот уписен круг, истите ќе се доделат во вториот уписен рок. Доколку и во вториот уписен рок не бидат искористени стипендиите за социјално ранливи категории на студенти, истите ќе се искористат за стипендирање на најдобро рангираните студенти во вториот уписен рок.

*Критериуми за доделува на стипендии за социјално ранливи категории и начин на бодување*

Член 5

Основни критериуми за стекнување на стипендии за социјално ранливи категории се:

- постигнатиот успех во средно образование и
- материјалните можности на студентите и/или нивните семејства.

Корисници на стипендии за социјално ранливи категории се студентите кои вкупно ќе освојат најмногу бодови по двата основи.

Член 6

Кандидатите кои ќе се повикаат на правото на запишување според овој член, покрај на листите на кандидати пријавени во рамките на државните квоти, односно квотите со кофинансирање на студиите, ќе се рангираат и на посебни ранг-листи, на коишто можат да добијат најмногу до 100 бода, според два критериуми:

- постигнатиот успех за завршено четиригодишно средно образование, според што можат да се добијат најмногу до 20 бода и

- материјалните можности на кандидатот и/или неговото семејство, според што можат да се добијат најмногу до 80 бода.

Студентите кои имаат најниски приходи по член во семејството остваруваат најмногу бодови по основ материјални можности на кандидатот и/или неговото семејство.

Корисници на стипендии за социјално ранливи категории се студентите кои вкупно ќе освојат најмногу бодови по двата основи, до бројот утврден за доделување на стипендии за социјално ранливи категории.

Член 7

За материјалните можности кандидатот доставува:

– изјава на кандидатот под полна материјална и кривична одговорност за бројот на членови во семејството

- потврди за остварена плата на вработените членови на семејството за месец јуни од тековната година или доколку за овој месец не е исплатена плата, да се достави потврда за последната исплатена плата,

-доказ за членовите на семејството кои се ученици/студенти дека не остваруваат приходи

– за корисници на социјална помош се доставува последно решение/потврда од центарот за социјални работи,

– за пензионираните членови на семејството се доставува документ за висина на пензија и

– пресуда од надлежен суд со утврдена законска издршка за кандидат и истата се смета како месечен приход.

– за родител на кој му е одземено родителското право - решение од надлежен суд и/или – за починат родител - извод од матичната книга на умрените

*Постапка за пријавување и спроведување на постапка за селекција на кандидати*

Член 8

При пријавувањето на уписниот рок, студентите кои се заинтересирани за стекнување право на стипендии за социјално ранливи категории, должни се со пријавата да ги достават бараните документи предвидени со оваа процедура.

Член 9

Конкурсната Комисија е должна при утврдување на ранг листите на пријавените кандидати да изготви посебни ранг листи за најдобрите студенти кои освоиле стипендија и посебна ранг листа за студентите од социјално ранливите категории кои исто така освоиле стипендија, при што ќе се анонимизираат личните податоци од канидатите.

Член 10

Доколку при рангирањето на крајот од листата на кандидати кои ќе имаат право на студентска стипендии има повеќе кандидати со еднаков број на поени, овие кандидати ќе бидат рангирани според дополнителни критериуми и тоа:

- освоени награди на републички и меѓународни натпревари,
- добиени сертификати за познавање на странски јазици на повисоко ниво,
- добиени сертификати за познавање на работа со компјутери или
- редослед на пријавување (first-come, first-served).

Член 11

Студентите кои ќе се стекнат со студентска стипендија должни се да го вратат целокупниот износ доделен со цел стипендирање на нивните студии доколку се испишат од Факултетот или пак бидат исклучени од студирање.

При спроведувањето на постапката за упис, кандидатите се должни да потпишат изјава за согласност за обработка на нивните лични податоци.

Студентите на кои ќе им биде доделена стипендија при уписот должни се да потпишат изјава дека се согласни доколку се испишат од Факултетот или пак бидат исклучени од студирање да го вратат полниот износ на добиената стипендија.

Член 12

Оваа процедура ја спроведува Конкурсната комисија при спроведувањето на постапката за упис на кандидати, како и службата за сметководство и службата за студентски прашања.

Член 13

Право на приговор имаат незадоволните кандидати кои може да го остварат на ист начин како што е предвидено со Конкурсот за запишување студенти во прва година на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола во академската 2023/2024 година.

Член 14

Оваа Процедура ќе биде јавно објавен на веб страната на факултетот и социјалните медиум, со цел запознавање на идните студенти со условите за стекнување на стипендија.

Член 15

Оваа Процедура влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Декан

проф.д-р Драгица Оџаклиеска